РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 04 – 1230/10
25 . 12 . 2023 год.
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 52 од Законот административни службеници ("Службен весник на Р. М.", бр. 27/14, 199/14, 27/16,35/18 и 198/18 и „Службен весник на Р. С. М.“, бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Градоначалникот на Општина Дојран, донесе,

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по интерен оглас бр.01/2023 во Општина Дојран

1.За извршител на работното место под број **2.**УПР 01 01 Г01 000, Самостоен референт за канцелариско и архивско работење, во Одделението за правни и општи работи, јавни дејности и управување со човечки ресурси, по интерниот оглас бр. 01/2023, **се избира** кандидатот **Елена Гушева**, вработена во општинската админстрација на Општина Дојран, распоредена на работно место, Референт Архивар, со звање Г3 – референт, Шифра УПР 01 01 Г03 000, помошно стручен административен службеник од трето ниво во Одделението за правни и општи работи, јавни дејности и управување со човечки ресурси.

2.Избраниот кандидат ќе биде распореден на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за распоредување.

3.Оваа одлука ќе се достави до кандидатот и ке биде објавена на интернет страната на Општина Дојран.

***О б р а з л о ж е н и е***

Интерниот оглас бр.01/2023, со архивски број 04-1230/1 од 07.12.2023 година, за унапредување на 2 (двајца) административни службеника во Општина Дојран, за следните работните места:

**1.**УПР 01 01 В01 000, Советник за нормативно-правни работи и управување со човечки ресурси во Одделението за правни и општи работи, јавни дејности и управување со човечки ресурси -1 (еден) извршител,

**2.**УПР 01 01 Г01 000 Самостоен референт за канцелариско и архивско работење, во Одделението за правни и општи работи, јавни дејности и управување со човечки ресурси -1 (еден) извршител, беше објавен на ден 11.12.2023 година на интернет страната на Општина Дојран и на интернет страната на Агенцијата за администрација

Во благовремен рок, утврден со огласот до општина Дојран, беа доставени вкупно 2(две) пријави. Комисијата за селекција за унапредување по Интерен оглас бр.01/2023, формирана од Градоначалникот на општина Дојран, со Решение Бр.04-1230/6 од 20.12.2023 година, на ден 22.12.2023 година изврши административна селекција на пријавените кандидати и состави записник за административна селекција, бр. 04-1230/7.

По извршената административна селекција, Комисијата на ден 22.12.2023 година спроведе интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите, утврдени во интерниот оглас и кои влегоа во втората фаза од постапката. За спроведеното интервју со кандидатите составен е записник бр. 04-1230/8 и Финална ранг листа на интервјуираните кндидати со предлог-одлука за право на избор на прворангираните кандидати.

За работното место под реден број 2. УПР 01 01 Г01 000 Самостоен референт за канцелариско и архивско работење, во Одделението за правни и општи работи, јавни дејности и управување со човечки ресурси, прворангиран кандидат е **Елена Гушева**, вработена во општинската админстрација на Општина Дојран, распоредена на работно место, Референт Архивар, со звање Г3 – референт, Шифра УПР 01 01 Г03 000, помошно стручен административен службеник од трето ниво во Одделението за правни и општи работи, јавни дејности и управување со човечки ресурси

Следствено на наведеното се донесе одлука како во диспозитивот.